**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-110/4**
**Скопје, 04.03.2009 година**

**До**

**АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на Фондот за магистрални и регионални патишта (во понатамошниот текст Фонд) кои се прикажани на страните од 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Фондот за магистрални и регионални патишта за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија и е дадено мислење со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Наташа Валкановска, Директор на Фондот

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во период од 03.11.2008 година до 24.12.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 16.02.2009 година, добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор, заведени под број 05-233/2 од овластено лице на субјектот. Истите беа разгледани и одбиени како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

**11.1. Системот на интерни контроли**

***11.1.1. Процес на остварување на приходи од надомест за употреба на автопат или магистрален пат (патарина)***

- Фондот нема воспоставено контроли, согласно Договорот за наплата на посебен надоместок за користење на автопат во Република Македонија за 2007 година со ЈП Македонија пат и непостои уверување за точна наплата на тарифата за надоместокот, целосна и точна евиденција од наплатата и навремена и комплетна уплата на патарина, а со тоа и ризик за целосноста на приходот искажан во финансиските извештаи.
- Воспоставените интерните котроли од страна на Фондот за извршените уплати на патарината од ЈП Македонија не овозможуваат препознавање на извршените уплати по видови (готовинска наплата, наплата од продажба на билети на правни и физички лица и др.).

**Препорака:**
Агенцијата да превземе мерки за сигурност на информациите што ги добива од ЈП Македонијапат во поглед на наплатата, дневната евиденција и уплатата на патарина, согласно Договорот за наплата на посебен надоместок за користење на автопат во Република Македонија за 2007 година. Агенцијата за државни патишта во соработка со ЈП Македонијапат и други надлежни органи да воспостави нов поефикасен наплатен систем, односно воведување на електронски систем за наплата на патарината.
Исто така писмено да се обрати до ЈП Македонијапат, со барање уплатата на средствата прибрани од патарина точно да се прецизира за кој вид на патарина се однесува истата (готовинаска наплата, наплата од продажба на билети на правни и физички лица и др.).

11.1.2. ***Процес на остварување на приходи од надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила - патна такса***

- Фондот нема воспоставено контроли на наплатената патна такса (готовинска и вирманска) од страна на Овластените правни лица за регистрација на моторни возила, нема обезбедена целосна и точна евиденција за наплата и доказ за редовна контрола на работењето на истите, согласно предвидените договори.
- Фондот нема обезбедено целосна информација за бројот на регистрирани возила по категории и општини во Република Македонија на годишно ниво, од надлежните институции.

**Препорака:**
Агенцијата за наплатената патна такса (готовинска и вирманска) од Овластените правни лица да обезбеди целосна и точна евиденција и да врши редовен увид во работењето на истите, со цел вршење на контрола на навремената и комплетната уплата од нивна страна.
Агенцијата писмено да се обрати до МВР со цел обезбедување на податоци за бројот на регистрирани возила по категории и општини на годишно ниво.

### *11.2. Неправилна примена на акти:*

11.2.1. Фондот нема обезбедено документ имотни/поседовни листи за сопственост на објектот во кој е сместен Фондот и кој е евидентиран во сметководствената евиденција, што не е во согласност со Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, поради неподнесено барање за регулирање на имотно правни односи и правниот статус на објектот на Фондот. Истото има влијание, Фондот за евидентираните градежни објекти да не располага со документација за доказ на сопственоста.

**Препорака:**
Агенцијата да превземе иницијатива во соработка со Државниот завод за геодетски работи одделение за премер и катастар за обезбедување на документ за сопственоста на недвижноста

### *11.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

11.3.1. Фондот, во текот на 2007 година врши исплати за тековно и инвестиционо одржување на патишта по времени ситуации од 2006 година кои не се предвидени со Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во РМ за 2007 година, во износ од 208.244 илјади денари, што не е во согласност со Законот за буџетите. Непредвидувањето на обврските од минати години, влијае расходите во Програмата за 2007 година да се нереално и необјективно искажани.

**Препорака:**
Агенцијата, при изготвувањето на Годишната програма за тековната година, да ги предвиди превземените обврски од минати години, со цел финансиските извештаи да ги содржат реалните трошоци за тековната година.

### 11.4. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

11.4.1. Постои неусогласување помеѓу групите Капитални средства и Изворите на капитални средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2007 година, во износ од 142.201 илјади денари, спротивно на член 18 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, поради не примена на основното сметководствено начело на парично искажување во минати години, што придонесува билансните позиции искажани во финансиските извештаи да се нереални и необјективни.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките од 11.2 до 11.4 финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Фондот за магистрални и регионални патишта под 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.2 до 11.3 кај Фондот за магистрални и регионални патишта е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

14. ***Прифатени и корегирани неправилности од страна на Фондот во текот на ревизијата, а се однесува на:***

14.1. Во текот на ревизијата со налог за книжење 231 од 29.11.2008 година и 246 од 22.12.2008 година, намалени се краткорочните обврски а зголемени долгорочните обврски за износ од 274.581 илјада денари и намалени се изворите на капитални средства а зголемени други пасивни разграничувања за износ од 555 илјади денари, поради пролонгирање на рокот за отплата на кредитот согласно одлука на Влада на РМ.

15. **Ревизијата е на мислење да обелодени:**

15.1. Обрнуваме внимание дека во тек се повеќе судски спорови против Фондот по основ на неисплатен надомест за екпропријација на земјиште и неплатени обврски спрема добавувачи. Конечната разврска по ова прашање засега неможе да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на Фондот.

15.2. Во тек е судска постапка против вработените во ЈП Македонијапат кои биле ангажирани и одговорни за наплата на надоместокот за употреба на автопат (патарина), со што се очекува Агенцијата за државни патишта да биде обештетена за 169.000 илјади денари или 2.700 илјади евра.

**15.3.** Во периодот од 2001 до 2004 година дадени се средства за изградба на магистрални и регионални патишта, во вкупен износ од 945.255 илјади денари од Министерство за финансии средствата од продажба на Телеком. Министерство за финансии директно ги исплатувало средствата на изведувачите на работите по претходно подготвени проекти и програми, спроведена постапка според Законот за јавни набавки од страна на Министерство за транспорт и врски и доставена комплетна финансиска документација. Истите не се евидентирани во сметководствената евиденција на Фондот, надлежен за изградба и одржување на патиштата од причини што на Фондот не е дадена финансиска документација од Министерството за транспорт и врски и Министерство за финансии. Поради претходното имаме помалку искажани магистрални и регионални патишта во сметководствената евиденција на Фондот.
Фондот има доставено барање до Министерството за транспорт и врски и Министерство за финансии за комплетирање на целокупната документација заради евидентирање во сметководствената евиденција. Во текот на 2007 година комплетирана е документација за изградени магистрални и регионални патишта во вкупен износ од 682.141 илјади денари, со што останува да се прибере документација за износ од 263.114 илјади денари.

15.4. Во текот на 2008 година донесен е нов Закон за јавните патишта објавен во "Сл.Весник на РМ" бр.84/2008 на 11.07.2008 година, согласно кој се основа Агенција за државни патишта за вршење на работите кои се однесуваат на управувањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на државните патишта. Средствата и имотот, како и правата и обврските на Фондот се пренесуваат на Агенцијата со денот на започнување со работа на Агенцијата. Исто така и вработените во Фондот ги превзема Агенцијата со денот на започнување со работа. Од страна на Владата на РМ именуван е директорот и новите членови на Управниот одбор на Агенцијата и донесен е и усвоен новиот Статут на Агенцијата. Според новиот Закон за јавните патишта, изворите на финансирање за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта остануваат исти како и во претходниот закон. Наплатата на надоместокот за употреба на пат (патарина) според новиот Закон за јавни патишта ќе ја врши Агенцијата или правно лице избрано од страна на Агенцијата. Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Македонијапат-Скопје продолжува со својата работа до влегувањето во сила на Законот за трансформација на јавното претпријатие, при што склучените договори за работите на одржување и заштита на државните патишта меѓу Фондот и Јавното претпријатие продолжуваат до истекот на рокот за кој се склучени, со можност за нивно продолжување.

16. **Системска слабост:**

Ревизијата утврди колизија на законската регулатива во поглед на надлежностите за определување на Критериумите за распределба на средствата за финансирање на програмите и реализација на истата.
Со измените на Законот за јавни патишта, член 61 (Сл.Весник 84/2008), при исплата на средства на општините, Фондот има само обврска да ги става на располагање средства на општината, односно градот Скопје и евидентира капитални дотации без да врши контрола на трошење на средствата. Согласно законските прописи контролата ја врши Министерството за транспорт и врски.
Со Законот за финансирање на ЕЛС (Сл.Весник 29/2002) предвидено е надлежното министерство (Министерство за транспорт и врски) и Фондот да вршат:

- контрола за средствата дадени како дотациите согласно Годишните програми донесени од општината, односно градот Скопје.
- контрола на Извештаите од извршените работи.

На овој начин не се прецизирани надлежностите на Фондот при начинот на дозначувањето на средствата до општините и нивно наменско трошење.

17. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за 2006 година, ревизијата утврди дека за констатациите изнесени во точките 11.2.2, 11.4.2 и 11.5.1 од страна на субјектот се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

Скопје, 27.02.2008 година                Овластен државен ревизор,

**Фонд за магистрални и регионални патишта**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 1,616,372 | 1,578,918 |
| Неданочни приходи | 4,300 | 31,813 |
| Трансфери и донации | 1,666,058 | 1,363,531 |
| Задолжување во странство | 629,196 | 369,502 |
| **Вкупно приходи** | **3,915,926** | **3,343,764** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 16,065 | 13,130 |
| Стоки и услуги | 1,011,689 | 1,015,854 |
| Каматни плаќања | 243,487 | 273,601 |
| Субвенции и трансфери | 11,348 | 13,906 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1,282,589** | **1,316,491** |
| **Капитални расходи** | **2,110,787** | **1,533,581** |
| **Отплата на главница** | 495,543 | 476,635 |
| **Вкупно расходи** | **3,888,919** | **3,326,707** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **27,007** | **17,057** |

**Фонд за магистрални и регионални патишта**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 27,008 | 17,058 |
| Побарувања | 9,955 | 2,643 |
| Активни временски разграничувања | 93,142 | 209,442 |
| Аванси за капитални средства | 40,269 | 273,784 |
| Залихи | 195 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **170,569** | **502,927** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 24,119,768 | 24,393,282 |
| Материјални средства во подготовка | 7,980,700 | 5,511,624 |
| **Вкупно капитални средства** | **32,100,468** | **29,904,906** |
| **Други долгорочни кредити и заеми и дефицит на буџетот** | **8,109,409** | **8,740,183** |
| **Вкупна актива** | **40,380,446** | **39,148,016** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 91,951 | 208,257 |
| Краткорочни обврски по резерви | 13,758 | 288,681 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 100,419 | 375,000 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1,204 | 1,198 |
| Пасивни временски разграничувања | 7,902,154 | 5,373,832 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **8,109,486** | **6,246,968** |
| **Обврски по долгорочни кредити и заеми** | **8,008,991** | **8,365,183** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 24,261,969 | 24,535,865 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **24,261,969** | **24,535,865** |
| **Вкупна пасива** | **40,380,446** | **39,148,016** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **24,535,865** | **0** | **24,535,865** |
| **Зголемување по основ на:** | **759,099** | **195** | **759,294** |
| Набавки | 758,816 | 195 | **759,011** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | 283 | | **283** |
| **Намалување по основ на:** | **1,033,190** | **0** | **1,033,190** |
| Расход | 114 | 0 | **114** |
| Амортизација | 1,032,500 | 0 | **1,032,500** |
| Отпис на побарување | 21 | 0 | **21** |
| Корекција на субјектот | 555 | 0 | **555** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **24,261,774** | **195** | **24,261,969** |